# Карти за периферни визии







*Картите за*
*периферни визии*
се сет од наративни
карти развиени
од колективи за
колективи како
прирачник за
соработничките
креативни процеси.

**Засновани врз доживеани искуства, овие карти се обмислени да ги продлабочат размислувањата меѓу луѓето што работат во соработнички окружувања, особено во недоминантните периферни простори. Тие опфаќаат разни нијанси на уметничко изразување, како и предизвиците и триумфите при одржувањето независност на неолибералниот пазар преку заемна симбиоза. *Картите за периферни визии* ги одразуваат искуствата на една група мали независни издавачи на полу-периферијата на Европа, од кои некои работеле заедно во текот на цели две децении во различни улоги. Било да сте писател, уметник, уметник, дизајнер, или уредник, се надевам дека овие карти можат да ви обезбедат платформа за размис-**

**лување, истражување, и раст во рамки на вашите соработнички потфати.**

**Да се плови низ светот на издаваштвото не подразбира само да се ставаат зборови на хартија – тоа е динамична практика што вклучува кураторски приказни и формати, ангажмани со разновидни конституенти, и создавање на јавен живот за вашата работа. Ние практиката на издаваштвото ја поставуваме широко, како чин кој прави нечие дело јавно, намерно обезбедува патека за споделување на нешто релевантно со светот. Слично, за издавач го сметаме секој поединец или колектив кој се зафаќа со јавно споделување на својата работа. Од таа причина, ние го нагласуваме ова проширено**

**гледиште со тоа што ги ставаме во италик зборовите *издаваштво* и *издавач*. Трите шпилови *Карти за периферни визии* се резултат на разговори меѓу колективи ангажирани во овој проект кои на површина извадија некои заеднички точки со проблеми и радости на соработничкото и независно издаваштво на семи-периферијата на културната продукција.**

**Секоја карта нуди уникатна содржина за поттикнување или сценарио смислено да испорвоцира мисла, да охрабри дискусија и да инспирира нови гледишта за процесот на внесување на креативните дела во јавната сфера. Со теми што се движат од поттикнување одговорност до откривање на триења и несогла-**

**сувања, *Картите за периферни визии* нудат лепеза од прочистени согледувања засновани врз заедницата чијашто цел е да го поддржат вашиот креативен пат. И додека картите се првенствено фокусирани врз соработничката работа во рамки на една заедница (или заедници), тие се исто така применливи и за поединци на нивниот пат на работење и соработување со луѓе низ даден временски период. Ве каниме да ги искористите овие карти за време на брејнсторминг сесиите, во миговите на креативна блокада, или во времиња на лични промислувања за да го истражите вашиот интер-персонален однос со проектот/проектите врз кои во моментот сте фокусирани. Се надеваме дека ќе можете да најдете инспирација, одглас и**

хумор во овие карти за да ви бидат поддршка во проследувањето или споделувањето на вашата креативна визија со светот.

Идеите што се истражуваат преку *Картите за периферни визии* имаат за цел да внесат нови гледни точки вои вашиот процес на истражување и, како такви, воопшто не се нешто дефинитивно. Од таа причина вклучивме и празни картички наменети за вас за да додавате концепти и прашања што ви се битни вам и на вашиот/вашите колектив(и). Исто така има и празни страници на крајот на овој прирачник за да фаќате свои белешки и да ги прибележуивате своите размислувања. Ако најдете симболи, содржини што поттикнуваат дискусија и активности што мис-

**лите дека треба да се вклучат во рамки на овој комплет, ве покануваме да ги испратите своите придонеси на peripheralvisions@kuda.org, запишувајќи под кое име би сакале да ве потпишеме и тие ќе се појават во рамки на проширената онлајн верзија на *Картите за периферни визии* на peripheralvisionscards.com.**



# Типови на карти



***Картите за периферни визии* се поделени на три шпила: ПРАШАЈ, ЗАБЕЛЕЖИ и ДЕЛУВАЈ.**

**Шпилот ПРАШАЈ има функција којашто е најслична на онаа на класичниот тарот, претставувајќи им симбол или концепт на оние што ги отвораат картите. Шпилот ЗАБЕЛЕЖИ се состои од карти за размислување, додека целта на шпилот ДЕЛУВАЈ  е да понуди конкретни постапки што можат да доведат до некаква разлика. Кога се игра во група, најдобро е личноста што го поставила прашањето и ја отворила картата прва да го сподели своето толкување. Потоа и другите можат да ги додадат своите мисли.**




ПРАШАЈ



**Октопод**

**Замислете прашање што ви е релевантно вам (и на вашиот колектив),на пример: *Што треба да знам сега?* Изберете една карта од шпилот. Прочитајте го првичното толкување од овој прирачник. Секое толкување покрива различни аспекти од она што би можело да се смета за „светла страна“ и „мрачна страна“ за да се урамнотежат тенденциите да се читаат симболите низ претерано оптимистички или песимистички очила. Обидете се да најдете поврзувања со толкувањата од обете гледни точки во даден миг. Имате ли радикално поинакво толкување од она на картата? Забележете го или споделете го ако играте во група. Нема погрешни одговори.**



# ЗАБЕЛЕЖИ

Помислете на момент
кога сте доживеале
пометувања во
чиста рамнотежа на
моќта во една група.

Како се поврзуваа
луѓето еден со друг
во таа група?

Кои споделени
вредности ја
одржуваа групата
заедно?

**Одберете една карта од шпилот. Прочитајте ја наглас и дајте си време да размислите за нејзината содржина. Запишете ги одговорите во бележник на кој ќе можете и подоцна да му се навратите за да видите дали вашата реакција се променила со тек на времето и на каков начин. Кога играте во група, споделете едни со други што ви паѓа на ум кога се зафаќате со картите ЗАБЕЛЕЖИ. Нивната првична содржина треба некако да се однесува на она што вам ви е релевантно во дадениот миг.**



# ДЕЛУВАЈ

Помислете на
време кога сте
чувствувале радост
во вашата работа.

Напишете писмо
за тоа искуство и
чувајте го при рака.

**Земете една карта од шпилот. Прочитајте ја гласно и дадете си малку време да размислите за тоа како ќе постапите. Потоа сторете ја бараната постапка – не претерувајте со размислување за неа и не трошете премногу време на нејзиното извршување. Ситните гестови можат далеку да дотуркаат. Кога играте во група, можете да одлучите секој да стори по една постапка или да делувате групно. Во секој сучај, забележувајте ги различните приоди и начини на разбирање на постапката што во тој миг се одигрува. Кога ќе ја завршите постапката – било групна или како збир од постапки одредени од различните приоди кон истата постапка – споделете си ги меѓу себе своите искуства. Сите белешки за овие искуства можат да послужат како референтна точка за размислување во иднина.**



# Начини на интеракција со картите



**Подолу изнесуваме неколку различни приоди кон интеракцијата со *Картите за периферни визии* како појдовни точки за ангажирање. Поканети сте да ги истражите сите и да согледате какви типови на интеракции најмногу ви одговараат во дадена ситуација. Исто така можете да развиете различни начини на отворање – овие карти се тука за вашиот процес на истражување. Ако најдете начин на отворање за кој сметате дека треба да биде вклучен во овој комплет, испратете опис на вашиот метод на peripheralvisions@kuda.org и ќе се појави во проширената онлајн верзија на *Карти за периферни визии* на peripheralvisionscards.com.**



# Едната

**Измешајте ги картите во шпилот
заедно и извлечете една карта
за да видите што имаат
да кажат картите.**

**Почетното прашање би можело
да биде едноставно како ова:
Што имаат картите да ми/ни
покажат денес?
Што треба да знам сега?**



# Отворање 1:1

**Извлечете две карти за да испитате поврзано (тогаш и сега; избор А наспроти избор Б), и видете што имаат да кажат картите.**



# ПЗД

**Извлечете три карти за да истражите една ПРАШАЈ, ЗАБЕЛЕЖИ, ДЕЛУВАЈ низа.**



# Патување

**МИНАТО   СЕГАШНОСТ   ИДНИНА**

**Кога се впуштате во нов почеток, сфатете го збирот од три карти како почеток, средина и крај.**



# Револуција

**Едно нешто е сигурно – промената е неизбежна. Видете како вашиот колектив и креативна практика се подготвени да се променат така што ќе споредите една низа со друга.**





# Карти ПРАШУВАЈ



Парадоксот на признавањето

# Парадоксот на признавањето

◊

**Признавањето служи како моќен облик на вреднување, афирмирање на вредноста и импактот на нечии напори. Ако појдеме понатаму од постигањето видливост, не како цел по себеси туку како средство за издигнување на невидливи прашања и наративи, свесно се соочуваме со парадоксалниот аспект на признавањето. Со други зборови, ние не сме само свесни дека она што е јавно присутно е политичко, арбитрарно и зависно од вмреженоста, туку исто така го користиме и просторот на видливоста за ак-**

тивно да ги истакнеме гласовите на други кои не ги поседуваат основите за да го сторат тоа и самите.

Прифаќањето на овој парадокс конечно нуди и подобро разбирање за искуствата и стојалиштата на другите. Нè охрабрува да ги препознаеме разновидните начини на кои луѓето бараат и реагираат на валидирањето.

Сепак, признавањето ги поткрева очекувањата. Може да се најдете себеси соочени со притисок да се прилагодите на нечии стандарди. Парадоксот тука лежи во отпорот кон товарот на очекувањата што доаѓа кога чувството е јавно валидирано.

Овој товар на Парадоксот на признавањето може исто така

**да предизвика или да проши-ри поделби доколку работите во колектив. Ако поединци дозволат да им се надуе егото бидејќи пресериозно ја сфаќаат вредноста на јавното присуство, тоа обично се случува за сметка на другите соработници. Ова е постојана тензија во групите што доживуваат јавна видливост, каде што ставањето на поединци во центарот на вниманието може да создаде вредносни хиерар-хии, оставајќи ја колективната работа непризнаена.**

**Доколку се постигне признавање во ненамерен контекст, тоа исто така може да ја искриви првичната порака или намера на делото. Мо-жеби ќе имате тешкотии со проект којшто бил кооптиран или којшто бил признаен како нешто што не е.**

**Парадоксот на признавањето може да ви се појави бидејќи сте подготвени да се дистанцирате од замката на тоа да ви биде потребна постојана надворешна валидација без оглед на тоа во колкава мера ја добивате. Тоа може да значи дека изградувате издржливост и независност, црпејќи сила од вашата цел во рамки на вашите заедници, наместо од јавните признанија.**





**Коловрт**

# Коловрт

◊

**Коловртот може да се појави кога ќе се најдете себеси во постојан циклус на креативност и продукција при што идеите, соработките и проектите се во движење. Тоа ја означува способноста постојано да се надоградува врз вашиот работен материјал со нови перспективи.**

**Коловртот може да се појави за да ја зајакне вашата самодоволност, охрабрувајќи ве да се потпирате на сопствените способности за да го произведете она што ви треба. Овој аспект е особено**

**важен кога имаме ограничен пристап до надворешни ресурси, кога мотивацијата и издржливоста ни стануваат облици на креативен опстанок и моќни сили.**

**Постојаното движење на Коловртот ги одразува доблестите на истрајност и издржливост. Тука е за да го поддржи вашиот истраен и постојан напор потребен за да се случи промена.**

**Од друга страна пак, клучно е да се препознае дека коловртот не секогаш значи напредок. На пример, глушецот во кафез се исцрпува во илузија на движење без всушност да оди некаде. Бескрајниот циклус на вртење може да укажува на постојан напор што никогаш потполно не ја постигнува зацртаната цел. Не мора**

да се каже дека, ако постојано се стремите кон измолкнувачки хоризонт без да сопрете да си ја преоцените положбата, со време тоа може да доведе до штета, разводнувајќи ги вашите изгледи, и да резултира со прегорување.

Цикличната природа на Коловртот исто така може да навести заробеност во непродуктивни модели. Старите проблеми продолжуваат да испливуваат на површина без успешни решенија и ригидни вкоренети практики ги задушуваат новите приоди, потхранувајќи се од отпорот кон доведувањето во прашање на утврдените начини. Во вакви ситуации, присуството на Коловрт служи како потсетник да подзастане и да се смени насоката.



**Непослушност**

# Непослушност

◊

**Непослушноста е нужна сила за напредок и реформа. Постои за да ве поддржи да ги поместувате границите на културните конвенции за да се променат застарените и неправедните системи. Чиновите на непослушност можат да бидат од клучна важност во окружувања со екстремни економски или политички ограничувања кога се предизвикуваат угнетувачки структури.**

**Оваа карта го покажува моментот кога созреало времето да се наметне вашата придвижувачка**

сила и да се отфрли честопати надворешно наметнатната состојба на пасивност. Ова здобивање со сила е од клучна важност кога се затресуваат темелите на привилегираноста и самоздоволството.

Исто така може да биде знак на пробив. Можеби сте во простор во кој непослушноста ве довела до иновативни дела што воведуваат нови пераспективи и отвораат дискусии што претходно можеби биле табу или биле превидувани.

Исто така би можеле да бидете во ситуација да ја преживувате непријатната страна на непослушноста преку внатрешен конфликт. Чиновите на непослушност честопати вклучуваат

разгорени чувства. Кога овие чинови се дел од колективните напори, и мали несогласувања лесно можат да поларизираат групи, да предизвикуваат реперкусии и да ги застранат соработничките напори.

Непослушноста е заразна сила и може да се прошири како шумски пожар кога е некоординирана. И додека е честопати нужно да се доведува во прашање статус кво-то, ако не се прави тоа со јасна визија или план може да доведе хаос наместо до конструктивна промена.

Картата на *непослушноста* може да се појави за да ја доведе во прашање нашата наклонетост кон непослушност така што ќе ја процени мотивацијата зад побу-

ната и импликациите што ќе резултираат од неа. Дали доаѓа од простор во кој се бара вистина и транспарентност или им служи како платформа на луѓе за тие да имаат социјална сцена, особено ако покажуваат тенденции само да контрираат.





**Прекарност**

# Прекарност

◊

**Во ситуации обележани со нестабилност, поединците и заедниците честопати развиваат повишена способност брзо да реагираат на променливи услови. Оваа прилагодливост е клучна за креативната работа, особено под екстремни економски или политички ограничувања. Ни дозволува да иновираме и да наоѓаме нови начини да ги дисеминираме нашите дела, заобиколувајќи ги традиционалните канали кои би можеле да бидат блокирани или цензурирани.**

**Прекарноста исто така може да доведе до повишена состојба на свесност и чувствителност за окружувањето и потребите на другите. Може да предизвика подлабоко разбирање и реагирање на помалку видливите општествени борби.**

**Доколку споделувате искуства на прекарност со други, можете да изградите силни врски во соработничките проекти што здружуваат ресурси за да се надминат заеднички предизвици. Колективните модели на продукција и распределба, како кооперативите или платформите поддржани од заедницата, честопати произлегуваат од состојби на прекарност.**

**Постојаната несигурност доведува до продлабочен стрес.**

**Картата *Прекарност* е тука за да ве потсети дека штом еднаш се случи прегореност, најчесто е веќе предоцна да се сосредоточува на благосостојбата. Ви бара да проверите со самите себеси и со оние околу вас со какви системи за поддршка и психолошки механизми тековно располагате за да се справувате со несигурноста во вашиот живот.**

**Состојбите на прекарност често ги влошуваат општествените и економските нееднаквости. Оние коишто се веќе маргинализирани може да се најдат во уште поранлива положба кога системите врз кои се потпираат стануваат нестабилни. Оваа карта може да се појави барајќи ви да побарате или понудите помош.**

**Под финансиски или политички притисок, може да се случи навалица да се произведе содржина, што може да резултира со помалку промислена и помалку темелна работа. Можете ли да се сетите на проект на кој сте работеле и кој морало да биде избрзан и никогаш не го постигнал својот полн потенцијал?**





**ГРЕШКА**

# ГРЕШКА

◊

**Грешките можат да доведат до фрустрираност, залудно истрошени ресурси, и изгубено време – што е особено критично во ситуации со ограничени ресурси. Доколку ја гледате оваа карта, можеби сте во состојба да согледувате грешки насекаде и да чувствувате дека тие постојано ви се случуваат. Повторуваните грешки ја исцедуваат енергијата и само им се зголемува важноста кога им се посветува премногу внимание без да се има трпение да се поработи на нив и со нив.**

**И додека тие најчесто се согледуваат како негативни, грешките можат да ни ги отворат очите, содржејќи потенцијал да ни послужат како моќен катализатор за раст. Тие принудуваат на сопирање, преvреднување, честопати водејќи кон иновација додека поединците и заедниците бараат решение. Застоите и техничките и механичките грешки ја откриваат опачината на протоколите на кои сме навикнале. Зад нив се кријат длабоко вкоренети општествени аспекти на секојдневните алатки, тргнувајќи од културните норми, па сè до прашањата на дизајнот, пристапноста и структурално впишана пристрасност.**

**Картата *Грешка* може да ви се појави преку разбивање на**

**безгрешната непрекинатост на техничката функционалност. Можеби сте во простор да можете да ја вјармите чувствителноста за она што лежи зад грешката. Оваа усклаеност може да ви отвори перспективи кон неочекувани исходи, работни процеси и приоди, понекогаш изменувајќи ги материјалите и техниките со кои работите.**

**Ако делувате и ќе грешите. Грешките имаат покорувачки ефект, потсетувајќи не на несовршеноста што им е вродена на човековите потфати. Да се прифати дека грешките се од суштествена важност во усовршувањето на идеите и дека функционирааат како дел од менталитетот што ги отстранува грешките, којшто развива трпение во процесот**

**што открива, испробува и доаѓа до решенија. Додадена вредност на овој тип скромност е што таа негува окружување што подобро прима повратни информации.**

**Грешките често се мешаат со маните. Одредени форми на привилегираност нудат ресурси за брзо коригирање на грешките, минимизирајќи го нивното влијание и одговорноста на вклучените. Спротивно на ова, во заедници со недоволни ресурси, последиците од грешките можат да бидат увеличени, при што ги влошуваат постоечките нееднаквости. Оние со помалку ресурси се помалку способни да ги апсорбираат застоите предизвикани од грешките и тие се најчесто подложени на**

**обвиненија кога нештата ќе тргнат наопаку. Сите овие фактори можат да доведат до проширување на јазот меѓу перцепциите на различни групи.**



**Изгубени во преводот**

# Изгубени во преводот

◊

**Картата *Изгубени во преводот* го изнесува влијанието на погрешните сфаќања и погрешните комуникации. Разводнувањето или корумпирањето на првичните намери и значења може да се случи и ненамерно и намерно. Оригиналната порака на едно дело може да биде превидена или погрешно разбрана од страна на оние коишто не го разбираат контекстот или не направиле адекватно истражување, било поради недостаток на ресурси, неразбирање или несфаќање на неговата важност.**

**Процесот на преведување вклучува избори за тоа што да се вклучи, а што да се испушти, што пак отвора понатамошни прашања во врска со моќта што ја носат оние што преведуваат. Можеби сте во процес на донесување на тешки избори за тоа што и кого да преведете, трпејќи го товарот што овој процес на курирање го носи.**

**Алтернативните толкувања можат исто така да доведат до иновативно размислување и создавање на нешто со уникатна вредност. Можеби сте во процес на прилагодување на идеи кон локалните контексти и подобрување на значењето за да биде усогласено со потребите на оние за кои преведувате.**

**Оваа карта исто така може да се појави ако доживувате придобивки од поврзувањето со други преку преведувањето. Дури и кога не е сѐ совршено разбрано, напорот да се поврзе преку културните граници може да произведе соработка и раст.**

**Сфаќањето дека преведувањето со себе носи вродена загуба на оригиналот охрабрува на флексибилност и прилагодливост. Соочени со пречки во комуникацијата, поединците и заедниците учат како да внимаваат повеќе на невербалните знаци, да бараат дополнителен контекст, како и да не ги прифаќаат информациите здраво за готово.**



**Октопод**

# Октопод

◊

Октоподот е познат по својата неверојатна способност да се прилагоди на разновидни опкружувања. Може да ја промени својата боја и текстура за да стопи со околината, охрабрувајќи ги оние што ќе ја извлечат оваа карта да станат флексибилни во врска со форматите и технологиите, дозволувајќи им да напредуваат во најразлични околности.

Октоподите можат да си ги регенрираат изгубените краци. Симбол на заздравувањето и обновувањето. Картата *Октопод*

**ги поддржува вашите регенеративни спсобности да заздравите и да почнете одново, да учите од грешките и да се вратите посилни по соочувањето со предизвиците.**

**Неговата способност да се камуфлира исто така може да се согледа како облик на измама и илузија. Оваа карта може да послужи како предупредување против злоупотребата на моќта на влијание или недостигот на транспарентост што може да ги попречи довербата и соработката.**

**Способноста на октоподите да посегнат во повеќе правци одеднаш може да претставува претерување, обид да се направи премногу одеднаш или да се посега надвор од сопствените можности. Дали претерно се**

**обврзувате и ги растегнувате и разводнувате сопствените напори ангажирајќи се во премногу проекти?**



**Птица**

# Птица

◊

**Картата *Птица* нѐ потсетува на слободата. Ги инспирира поединците да се ослободат од општествените норми или лични ограничувања така што го предизвикуваат конвенционалното размислување и создаваат простори кад што луѓето се чувствуваат слободни целосно да се изразат себеси.**

**Оваа карта може да се појави кога ни треба инспирација нудејќи кристално јасна визија и перспектива. Се појавува во мигови кога се прошируваат гледиштата и сoништата стануваат поголеми.**

**И додека птиците се отелотворение на слободата, тие исто така можат да се поврзат со немир и нестабилност бидејќи постојано бараат нови хоризонти. Можеби доживувате немир, ескапизам, или неспособност да се смирите и средите. Или пак за разлика од ова, можеби сте се зафатиле со работа на којашо ѝ недостига фокус или насока и којашто води кон несконцентрирани и расфрлани напори со недоследни резултати.**

**Честопати согледувани како нешто минливо и ефемерно, птиците се движат меѓу различни локации без да пуштаат корења. Оваа карта се појавува во ситуации што се мачат со нагласеноста на површната појавност, каде што истражувањето на**

суштествените теми или идеи може да се повлече во заднината во корист на одговарањето на надворешните барања.

Картата *Птица* исто така може да се однесува на моменти на изолираност и осаменост, особено кога сте одвоени од сопственото стадо. Можно е моментално да доживувате неповрзаност, или изолација, да се чувствувате исклучени, да ви недостига чувството на припадност кон заедницата. Ова може да биде очигледно во вашето дело доколку тоа не успее да одекне кај луѓето на кои им е наменето.

Од друга страна, птиците исто така многуразработено можат да комуницираат, преку песни, повици и неверојатни прика-

**жувања. Картата Птица во таа смисла може да ја означува моќта на изразот и важноста на јасната комуникација. Ви бара да обрнете внимание на тоа како ги споделувате идеите, приказните и гледиштата. Дали постојат начини на кои повеќе би одекнале кај другите и би поттикнувале поврзување и заемно разбирање?**





**Куче**

# Куче

◊

Кучињата низ историјата служеле како чувари и заштитници, нудејќи им безбедност и сигурност на своите сопственици. Картата *Куче* е тука за да ве заштити додека создавате безбедни и негувачки окружувања. Ги охрабрува членовите на заедницата да се грижат еден за друг, да се заложуваат за своите колеги и да се спротивставаат на неправдата или угнетувањето.

Познати по своето игриво и весело однесување, кучињата носат среќа и веселост во своето окру-

жување. Оваа карта може да се појави кога ви треба потстеник дека можете да негувате чувство на радост и чествување среде мноштвото предизвици во секојдневниот живот. Ако ја имате на ум картата куче, тоа ќе може да ве охрабри да се зафатите со активности што го олеснуваат товарот на акумулираниот стрес од секојдневниот живот.

Картата *Куче* понекогаш може да навестува однесување што е претерано заштитничко или посесивно, при што поединците и групите ја вардат својата територија или сопственост за сметка на другите. Овој аспект може да се манифестира како исклучување или маргинализација на другите, како што луѓето почнуваат претерано заштитнички да се однесуваат кон своите интереси.

И додека кучињата се типично познати по тоа што се нежни и полни љубов, нивната заштитничка агресија или непријателство можат имаат спротивен ефект. Во креативната работа, картата *Куче* може да ги претставува интерперсоналните судири или борби за моќ во рамки на една заедница, каде што луѓето жестоко заземаат страна.

Да се извлече картата *Куче* исто така може да означува чувство на покороност што се претвора во слепо и беспоговорно следење на наредби. Ова некритичко придржување до фигурите со авторитет или институционалните норми може да биде знак на несигурност и неодлучност. Исто така може да навестува и поширок културен контекст на цензурирање што ги задушува иновативноста и креативноста.



**Лебарка**

# Лебарка

◊

**На лебарките често се гледа како на штетници, што може да привика чувство на одвратност и одбивност кај многу луѓе. Вие или некој друг околу вас би можеле да се чувствувате маргинализирани или исклучени, соочувајќи се со дискриминација врз основа на замислени разлики. Оваа исклученост исто така може да се случи преку одбивање, отфрлање или неправедно етикетирање на вашата работа.**

**Позната по својата способност да преживее во непогодни и не-**

пријателски услови и да издржи екстремни окружувања, Лебарката ве поканува да се разбудите и да ја прифатите вашата сила соочени со неволја.

Оваа карта исто така се појавува во состојби на инвазија и натрапување. Може да чувствувате дека некој ви ја нарушува вашата автономија или автономијата на другите, наметнувајќи ја својата волја без согласност од другите. Таа исто така може да биде знак за плагијаторство, прекршување на авторските права, или неетички практики што ги прекршуваат правата на создавачите.

Лебарките се неверојатно снаодливи суштества, способни да си најдат храна и засолниште во најразлични окружувања. Овој

аспект ги охрабрува поединците да најдат креативни решенија за предизвиците, поткрепувајќи ги своите вештини и ресурси за да се справат со итни проблеми во рамки на нивната претпоставена заедница.

Ужасно тешки за искоренување, лебарките можат да манифестираат отпор кон новите идеи или иницијативи, приврзувајќи се за застарени традиции или практики што веќе не им служат на потребите на заедницата. Исто така може да се појави и како отпор кон иновацијата или неподготвеност  да се прифатат новите технологии и модели во подем.

Лебарките се скромни суштества што често минуваат незабележани во сенките. Да се има лебар-

**ката на ум може да биде потсетник за тоа да се остане понизен во напорите да им се служи на другите, препознавајќи дека секој придонес, колку и да е мал, може да направи разлика.**





**Танцувачкиот пајак**

# Танцувачкиот пајак

◊

**Пајаците често предизвикуваат страв и фобии кај многу луѓе поради својот изглед и замислената закана. Во креативната работа, оваа нелагодност може да се манифестира како исплашеност од тоа да се биде изложен и разоткриен, од тоа да се крене својот глас, или пак страв од промена, којшто ги спречува поединците да ги споделуваат своите дела. Исто така може да претставува страв од отфрлање или неуспех, којшто пак ги инхибира заедниците да ги споделуваат своите дела со светот.**

**Можат да бидат поврзани со манипулација и измама, бидејќи ги користат своите мрежи да го фатат во замка својот плен којшто во ништо не се сомнева. Во моментот би можеле да се чувствувате заробени во нечија мрежа или во пошироки прикриени системи на нееднаквост коишто се појавуваат насекаде околу вас.**

**Танцувачкиот пајак говори за креативност и умешност, бидејќи елегантно исткајува деликатни шари во својата мрежа истовремено онеспособувајќи ги оние кои неовластено навлегле. Ве охрабрува да изградите стратегија за прифаќање на вашите уникатни таленти преку развивање на системи за поддршка и резервни системи.**

**Исто како што пајакот нежно се урамнотежува себеси додека танцува, *Танцувачкиот пајак* се појавува да ве потсети да најдете рамнотежа во животот, изедначувајќи ги работата и играта, делувањето и размислувањето, индивидуалноста и заедницата.**

**И додека пајаците работат заедно за да градат мрежи, тие исто така можат да бидат и осамени суштества, живеејќи и ловејќи сами. Оваа одвоеност може да се појави во вашата работа преку ексклузивноста, елитизмот, или практиките на чување на прагот што го ограничуваат пристапот до можностите.**

**Танцувачкиот пајак говори за издржливост и флексибилност, бидејќи ги прилагодува свои-**

**те движења на надворешните околности. Ги охрабрува поединците да ја прифатат промената како природен дел од животот, бидејќи дозволува раст и преобразба. Танцувачкиот пајак нѐ потсетува да се адаптираме на општествено-политичката клима и да издржиме во своите настојувања соочени со животните предизвици.**





**Страст за процесот**

# Страст за процесот

◊

**Картата *Страст за процесот* означува длабока обврзаност и посветеност на самото патување наместо само на исходот. Го одразува позитивниот став кон вложувањето време, напор и енергија во процесот на раст, учење и создавање и останувањето посветен на долгорочната визија и цели, без оглед на непосредното признавање или успех.**

**Фокус врз процесот значи да се најде радост и исполнетост на самото патување, наместо да се чека на постигање или валида-**

ција. Ги охрабрува оние што ќе ја извлечат картата да ги ценат малите победи, милјокази и мигови на раст за време на патувањето.

Прифаќањето на оваа страст вклучува желба постојано да се учи, расте и еволуира. Нè охрабрува да бараме нови искуства, повратни информации и да се прилагодуваме на променливите околности.

И додека таквата страст е генерално позитивна, понекогаш може да доведе до опседнатост со тесно тунелско гледиште, при што поединците стануваат претерано фиксирани на нивните цели и методи, губејќи ги од вид пошироките перспективи или приоритети.

Да се извлече оваа карта исто така укажува на отпор кон про-

**мените или немање желба да се прилагоди на нови околности. Може да се појави во простори каде што држењето до позна-тите практики или традиции го спречува прифаќањето на нови технологии или модели.**



**Нема пари = нема проблеми**

# Нема пари
# =
# нема проблеми

◊

Во својата суштина, картата *Нема пари = нема проблеми* додава еден ироничен но сепак снаодлив начин на справување со монетарната зависност на животот во неолибералниот капитализам. Сугерира дека, ако парите создаваат проблеми, немањето пари ги решава проблемите бидејќи ако нема пари, нема да постојат ни проблеми како прво. Иако е хумористична изрека, може да понуди поведар поглед врз финансиските превирања и создава ментален простор за наоѓање алтернативни решенија.

Оваа карта ги потсетува оние што ја извлекле на важноста да се направат знаењето и изразувањето пристапни за сите, без оглед на нивниот економски статус. Го поттикнува развојот и ги поддржува отворените платформи, бесплатните публикации и бесплатното знаење како аспекти од витална важност за одржувањето на отворената култура. Исто така служи и како потсетник дека вредноста на *објавеното* дело не е дефинирана единствено со неговиот комерцијален успех, туку и од неговата способност да допре и да ги повлијае животите на својата публика.

Нема пари = нема проблеми исто така укажува на вредности што не можат да се купат или прода-

**дат. Сугерира дека вистинското задоволство и напредок зависат од поврзувањата, споделуваните искуства и колективното следење на повисоки идеали, наместо само од финансискиот просперитет.**

**И додека оваа карта ја слави слободата од материјални грижи, таа исто така ги нагласува и потенцијалните последици ако се занемарата практичната стварност и одговорностите. Недостигот од ресурси или финансии може да постави предизвици при одговарањето на итните потреби и поддршката на суштествените услуги, отежнувајḱи го така одржувањето на работата. Да се потпира само на идејата дека проблемите би можеле да се избегнат без ресурси може да**

доведе до зависење од други за поддршка, наместо да се култивира самодоволност и издржливост. Опачината на Нема пари = нема проблеми нè потсетува дека е еднакво суштествено важно да се справува со опипливите предизвици и нееднаквости во рамки на заедницата, особено во ситуации кога постојат економски и политички ограничувања. Во такви околности, финансиската поддршка не е само корисна туку и од суштествена важност за опстанок и поттикнување промена.





**Не можеш да натераш некого
да ти зборува**

# Не можеш да натераш некого да ти зборува

◊

Картата *Не можеш да натераш некого да ти зборува* ја симболизира почитта кон границите и автономијата. Препознава дека заедниците не можат да бидат натерани да постојат, а охрабрува и заемна почит во интерперсоналните интеракции.

Прифаќањето на оваа идеја ги  поединците да ја преземат одговорноста и сопственоста врз нивните комуникациски избори. Охрабрува практики засновани врз согласност, при што поединците се охрабрувани

да се изразат себеси по своја волја и автентично, наместо да се чувствуваат под притисок или присилени да комуницираат.

Оваа карта ја нагласува важноста на активното слушање и емпатија при комуникација. Ги охрабрува оние што ја извлекле картата внимателно да ги наслушнуваат комуникациските знаци на другите и да ги почитуваат нивните избори дури и ако тие изберат да не се впуштат во разговор.

И додека почитувањето на границите и автономијата е важно, картата исто така може да се протолкува и во негативна светлина доколку води до непочитување на согласноста или до недостиг на одговорност во комуникацијата.

**Прифаќањето на идејата дека Не можеш да натераш некого да ти зборува може да доведе до изолација и погрешна комуникација доколку поединците не сакаат или не можат да се вклучат во дијалог или соработка. Ова може да резултира со испуштени можности за поврзување, разбирање и соработка.**

**Опачината на оваа карта нè потсетува дека е исто така од суштествена важност да се настојува на простори за создавање на можности за изразување и диајлог. Приодот Не можеш некого да натераш да ти зборува може ненамерно да придонесе кон култура на молк или потиснување ако поединците се чувствуваат обесхрабрени или инхибирани да не се изразат себеси отворено.**



**Зафаќањето со тука и сега**

# Зафаќањето со тука и сега

◊

Зафаќањето со тука и сега ги охрабрува поединците да бидат целосно присутни во моментот. Овој став потикнува чувство на присутност и внимание во интерперсоналните интеракции, водејќи до подлабоко поврзување и свесност во креативниот процес, помагајќи да се остане фокусиран и ангажиран за време на тековното патување.

Да се извлече картата *Зафаќање со сега и тука* може да претставува покана да се тргнат настрана нештата што го одвлекуваат

вниманието и грижите за минато-то или иднината и да се фоку-сира вниманието врз сегашниот момент. Оваа јасност и фокус им овозможуваат на поединците да се справат со итните потреби и предизвици во рамки на теков-ните проекти.

Заснована врз делување, оваа карта ги мотивира поединци-те да преземат одговорност за креативните потфати како нивни сопствени, да го прифатат се-гашниот момент како можност за проактивни чекори кон справу-вањето со проблемите наместо многу да размислуваат и да го одложуваат своето делување.

Истовремено, да се фокусира само врз сегашниот момент може да доведе до избегнување или одрекување на минатите

**или идните грижи и проблеми. Оваа карта може да укаже на проблемите на игнорирање или минимизирање на системските проблеми или неуспех да се справи со критиките од минатите дела во тековните проекти и постапки.**

**Да се прифати сегашниот момент без да се разгледа поширокиот контекст може да доведе до кусогледост и импулсивност при донесувањето одлуки. Оваа карта може да се појави кога некои им даваат предност на непосредното задоволување или пак на брзите резултати над долгорочната одржливост и успех што честопати резултира со избрзани или лошо испланирани проекти што превидуваат важни детали и промисли.**

**Опачината на картата *Зафаќање со тука и сега* се случува ако поединците ги превозмогне или парализира сегашниот момент. Може да се појави во моменти кога има проблеми да се преземе некоја постапка во врска со важни задачи или одлуки, што може да доведе до испуштање на можности и стагнација, одложувања и застои.**





**Објавувај за да се изгубиш СЕБЕСИ**

# Објавувај за да се изгубиш СЕБЕСИ

◊

*Објавувањето*, во својата суштина, е чин на давање. Тоа е трансцендирање на егото, драговолно предавање на инидивдуалното јас на поголемата целина. Овој чин може да се согледа како облик на алтруизам, споделување на сопствените мисли, искуства и согледувања како услуга за другите.

Да изберете да се изгубите СЕБЕСИ така што ќе споделите лично или значајно дело може да биде искуство од кое се црпи сила. Потребна е храброст да

**се биде ранлив, да се изложи сопсвената работа на критиката на јавноста. Овој процес, иако застрашувачки, може да води кон личен раст, отпорност и посилно чувство на идентитет изградено низ повратните информации и интеракции што следуваат.**

**Темната страна на овој императив предупредува за потенцијалното губење на автентичноста. Желбата да се задоволат популарните барања или трендови би можела да му претставува искушение на поединецот или колективот да го изменат или разводнат својот вистински глас.**

***Објавувањето*** **изложува на ризик да се биде погрешно**

разбран, погрешно претставен, па дури и нападнат. Ова може да доведе до лична вознемиреност и да ги повлијае менталната и емоционалната благосостојба. Тоа е потсетник за ранливоста што му е вродена на чинот на споделување на себеси со светот.

Да се изгубиш себеси во чинот на *објавување* исто така може да се однесува на ерозијата на приватноста во дигиталното доба. Колку повеќе споделувате, толку повеќе јавноста се чувствува повикана да навлезе во сите аспекти на вашиот живот. Ова постојано чувство дека сте набљудувани или судени ги заматува границите меѓу јавната личност и приватното јас.



**Малцинство во рамки на малцинство во рамки на малцинство**

# Малцинство во рамки на малцинство во рамки на малцинство

◊

**Оваа карта одразува длабоки слоеви на разбирање и емпатија што можат да произлезат од движењето низ повеќекратните слоеви на малцинскиот статус. Поединците и заедниците што живеат во рамки на овие повеќекратни идентитети често развиваат длабоко чувство на солидарност, емпатија и издржливост.**

**Нужноста да се движи низ и жонглира со повеќекратни маргинални идентитети често води до иновативни приоди кон изградувањето заедница, раска-**

жувањето и зачувувањето на културата. Овие групи можат да бидат пионери што воведуваат нови облици на изразување и комуникација, особено во областа на издаваштвото за малцински јазици, создавајќи нови простори за гласовите што често се мариганлизираат.

Од друга страна пак, картата го одразува потенцијалот за изолација. Оваа изолација не е само физичка туку и емотивна и физиолошка. Влошениот малцински статус може да доведе до чувства на нецелосно припаѓање кон ниедна од заедниците претставени во нечиј идентитет и да доведе до чувство на отуѓеност.

Исто така постои и ризикот од погрешно разбирање и бри-

**шење. Уникатните предизвици и перспективи на оние кои се малцинства во рамки на малцинства често се превидуваат или поедноставуваат во пошироките општествени наративи. Ова може да доведе до недостаток на признавање и поддршка за специфичните потреби на овие групи.**

**Сложените малцински идентитети исто така го нагласуваат предизвикот на оскудноста во ресурси поради ограничен пристап до финансии, платформи и публика. Повеќекратноста на маргинални позиции може да ги отежни одржливоста и растот на проектите, особено ако се работи од периферијата на центрите на културна продукција.**

CARE
CARE
CARE
CARE

# ГРИЖА ГРИЖА ГРИЖА ГРИЖА

◊

**Повторениот нагласок врз грижата ги потцртува темелните начела на сочувството и емпатијата. Оваа карта може да се појави во опкружувања што негуваат избилна љубезност, разбирање и поддршка еден за друг, како и признавање на внатрешната вредност и потреби на секој поединец.**

**Овој симбол исто така говори за негувачкиот потенцијал на поединците и заедниците, особено оние во маргинализирани позиции. Со развивање на широки системи на грижа што се**

**признаени можеме да генерираме снаодливост што произлегува од колективот.**

**Грижењето еден за друг создава силни темели за одговорност на заедницата. Сугерира колективен пристап кон предизвиците, при што споделените одговорности и напори вклучуваат и проширување на работата посветена на грижата меѓу сите членови.**

**Од друга страна, четирикратното повикување на зборот ГРИЖА предупредува на опасностите од претеран ангажман. Ангажирајќи во грижата за другите, може да ја доведете во опасност својата сопствена благосостојба, што пак може да доведе до прегореност и огорченост, особена кога работата што ја вложувате грижејќи се останува невидлива и непризна-**

та. Ова е значаен проблем во работата и активизмот во рамки на заедницата, каде што честопати страствената посветеност може да резултира со запоставување на сопствените потреби.

Претераната грижа што секогаш доаѓа од една иста страна може ненамерно да поттикнува зависност, спречувајќи го развивањето на автономија и попирањето врз самиот себеси. Оваа карта исто така се појавува за да не покани да размислиме за тоа како работата посветена на грижењето може да се експлоатира и како термин и како пракса. Важно е постојано да се остане претпазлив при одредувањето на тоа кој го употребува и злоупотребува терминот а кој ја врши работата посветена на грижата.



ЉУБОВ И ОМРАЗА

# ЉУБОВ И ОМРАЗА

◊

**Кога ќе се извлече картата *ЉУБОВ И ОМРАЗА*, тоа може да говори за личен и колективен раст. Кога интензивно работите со страст, обете овие емоции се појавуваат незибежно. Ако се научи како да се справува со нив и да се негуваат продуктивните способности на секоја од нив се создава простор каде што ќе се случува растот.**

**Интензивните емоции поврзани со љубовта и омразата можат да доведат до поларизација, отежнувајќи го наоѓањето на заедничка**

основа. Ова може да создаде пречки при разбирањето и соработката, како во рамки на заедниците, така и меѓу овие заедници и општеството во целина.

Ако се фатите себеси дека постојано осцилирате меѓу љубов и омраза, оваа карта би можела да укажува на исцрпеност и токсично окружување. Разбрануваните страсти можат да бидат знак за нездрави и нереалистични емоции поврзани со контролирање на однесувањето, експлоатација и мобинг.

Дуалноста ЉУБОВ и ОМРАЗА може да се манифестира како нерешен конфликт и потенцијални поделби во рамки на заедниците и меѓу поединците што се должат на потиснати емоции. Комуници-

рањето пред да ескалира ситуацијата е клучно кај долгорочните соработки.

Признавањето и прифаќањето на двојната природа на љубовта и омразата може да доведе до подлабоко разбирање на човечките искуства и поттикнување на емпатијата. Ова единство во разновидноста ги зајакнува врските во заедницата бидејќи луѓето изразуваат цел спектар на емоции и минуваат низ конфликтите на генеративен начин, предизвикувајќи го самозодоволството и поттикнувајќи издржливост.



**Заемна зависност = независност**

# Заемна зависност = независност

◊

Концептот на заемна зависност, бидејќи е тесно поврзан со независноста ја подвлекува моќта на колективниот напор, соработка и меѓусебната узависност. Со комбинирање на ресурсите, знаењето и вештините, помали групи и поединци можат да постигнат ниво на импакт и видливост што инаку не би можеле да ги постигнат.

Заемната зависност ја нагласува важноста на делењето на ресурсите и стручноста за да се постигнат заеднички цели. Ова може да вклучува споделувани

**платформи, мрежи за дистрибуција, или модели на финансирање што им користат на повеќе различни групи. Фокусот врз моќта на колективното засилување не само што ги прави индивидуалните проекти поостварливи, туку исто така ја зајакнува севкупната инфраструктура што ги поддржува тие проекти, доведувајќи до поголема независност од мејнстримот или доминантните системи на културна продукција.**

**Меѓусебната поврзаност дозволува да се изградат мрежи што се крепки а сепак флексибилни. Може да сте на самиот раб да формирате такви мрежи што би можеле да содржат простор за промени во посакуваната насока и да апсорбираат шокови. Откривате дека со зависење еден**

**од друг, како заедниците, така и проектите можат да станат поотпорни во нивната способност да опстојат и да напредуваат.**

**Ако го чувствувате товарот на заемната зависност, можеби пливате во водите на претерано потпирање еден врз друг, при што постапките на една страна би можеле да ја доведат во опасност стабилноста на целината. Ова може да значи дека проектите стануваат презависни од специфичните извори на финансии или партнери, станувајќи преранливи при промена на околностите или приоритетите.**

**Настојувањето на заемна поддршка може потенцијално да разводни нечиј идентитет. Доколку правите напори да се прилагоди-**

те на потребите и очекувањата на пошироката целина, може да дојде до притисок да ја жртвувате својата посебност. Оваа рамнотежа се менаџира многу деликатно, особено кога се трудите да реализирате *периферни визии.*

Конечно, заемната зависност може да доведе до нееднакви односи, при што некои би можеле да се чувствуваат дека имаат помалку контрола или добиваат поголема корист од други. Ова може да создаде тензии и да го поткопа чувството на солидарност и заедничка цел, а тие се од суштествена важност за да може соработничката независност вистински да дава поголема моќ.





**Дистрибуција како признавање**

# Дистрибуција како признавање

◊

Картата *Дистрибуција како признавање* е тука за да ве потсети да го направите своето дело повидливо и попристапно. Без дистрибуција, нашите напори ќе останат недостапни за оние до кои посакуваме да допреме. Оваа карта може да се појави кога не го споделувате своето дело за да ве потсети дека дарбата на вашето дело сјае кога луѓето можат да го доживеат.

Ако сте на периферијата на културната продукција и/или работите на малцински јазик, можеби

сте дошле до онаа точка каде што трудот што сте го вложиле за да допрете до оние за кои вашето дело е наменето конечно се исплатува. Вие сте во ситуација да постигнете доволно јавно признавање за да добиете простор во кој конечно можете да им дозволите на вашите *периферни визии* да растат. Можеби во моментот доживувате како растот на вашите мрежи го распространува вашето дело и доживувате како делото одекнува кај другите, поттикнувајќи чувство на солидарност и споделена цел.

Меѓутоа, пристапот до каналите за дистрибуција честопати доаѓа со разни пречки. Настојувањето да се постигне поширока дистрибуција може да води до експлоатирање на вашите веќе

**ограничени ресурси. Може да се најдете во обесхрабрувачка ситуација во која напорот поврзан со дистрибуцијата ви ја одвраќа енергијата од работа на којашто сакате да се фокусирате.**

**Картата исто така може да биде знак дека сте заглавиле или ве одбива помислата да го побарате и да се потпирате врз општествениот капитал, несакан ефект на неолибералниот културен момент. Еден од вообичаените проблеми со кој се зафаќа оваа карта е судирот меѓу начелата на дистрибуција што се случува во групни ситуации, во кои луѓето имаат различни мислења дали вреди секоја можност да се дистрибуира делото, како и кон кои начела да се придржува кога се избирааат каналите за дистри-**

**буција и кога и како да се прават компромиси.**

**Дистрибуирањето надвор од првичниот контекст на делото може да доведе до погрешно толкување или културна апропријација. Ова е особено деликатно за оние на периферијата чиешто дело би можело претерано да биде поедноставено и експлоатирано за да се направи покомерцијално.**





# ВАШИТЕ БЕЛЕШКИ

# Карти за периферни визии

Увод 04
Типови на карти 11
ПРАШАЈ 15
ЗАБЕЛЕЖИ 19
ДЕЛУВАЈ 23
Начини на интеракција со картите 27
Едната 31
Отворање 1:1 33
ПЗД 35
Патување 37
Револуција 39
Карти ПРАШУВАЈ 41
Парадоксот на признавањето 43
Коловрт 49
Непослушност 53
Прекарност 59
ГРЕШКА 65
Изгубени во преводот 71
Октопод 75

Птица 79
Куче 85
Лебарка 89
Танцувачкиот пајак 95
Страст за процесот 101
Нема пари = нема проблеми 105
Не можеш да натераш некого да ти зборува 111
Зафаќањето со тука и сега 115
Објавувај за да се изгубиш СЕБЕСИ 121
Малцинство во рамки на малцинство во рамки на малцинство 125
ГРИЖА ГРИЖА ГРИЖА ГРИЖА 129
ЉУБОВ И ОМРАЗА 133
Заемна зависност = независност 137
Дистрибуција како признавање 143
ВАШИТЕ БЕЛЕШКИ 149
КОЛОФОН 160

КОНЦЕПТ И ТЕКСТ
Дарија Медиќ

УРЕДНИЧКИ ТИМ
Дарија Медиќ и kuda.org

ДИЗАЈН И ИЛУСТРАЦИИ НА КАРТИТЕ
Марина Милановиќ

ПРЕВОД ОД АНГЛИСКИ
Marija Jones

ПРОДУКЦИЈА
kuda.org

ТИПОГРАФИЈА
Bahnschrift by Aaron Bell
© 2019 Microsoft Corporation. All rights reserved.

ПЕЧАТНИЦА
Štamparija F&F, Нови Сад

Ова публикација е лиценцирана според
Creative Commons
CC BY-NC-SA 4.0

https://creativecommons.org/licenses/by-nc-sa/4.0

ИЗДАВАЧ

New Media Center_kuda.org
Braće Mogin 2, po box 22,
Novi Sad, Serbia
www.kuda.org
peripheralvisionscards.com

kuda.org

*Картите за периферни визии* се дел од „Периферни визии – кон транс(л)националната издавачка култура“, партнерски проект имплементиран од Kulturtreger, Maska, eipcp, kuda.org, Kontrapunkt, Multimedia Institute, а финансиран од Европската Унија, Министерство за Култура на Република Србија, Градска Управата за култура на Град Нови Сад и Фондацијата за уметнички иницијативи.

**“Финансиран од Европската Унија. Сепак, искажаните ставови и мислења се само на авторот(ите) и не мора да ги одразуваат ставовите на Европската Унија или Европската Извршна Агенција за образование и култура (EACEA). Ниту Европската унија, ниту органот што го доделува не може да биде одговорен за нив.”**

Co-funded by the European Union

Република Србија
Министарство културе и информисања

Град Нови Сад



ISBN-978-86-88567-44-2
COBISS.SR-ID 144464137